Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08 - 1474/1
датум 06 -07- 2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **24.04.2026** година во **10:45** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Ресен** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на Претседателот на судот Емел Кранли Али во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник.

Претседателката на судот го извршува својот втор мандат од 29.12.2022 година. Покрај обврските кои ги има како претседател на судот, суди и постапува по сите кривични уписници во судот.

Претседателката на судот презела повеќе активности во однос на организацијата на работата на судот, но и надворешниот и внатрешен изглед на судот, преку нова фасада, овозможена рампа и пристап до судот, видно уредни и чисти службени простории. Основниот суд Ресен претставува пример за добро организиран мал и функционален суд. Целта е при реорганизацијата на судовите, особено малите судови истите да се организираат во функционални судски одделенија на судовите со проширена надлежност кои на нивната територија ќе овозможат пристап до функционален суд. Оттука, клучно е инвестирањето во зградите на судските одделенија, обезбедување на техничка и дигитална современа опрема, со цел нивно зајакнување со стручен и технички кадар, дигитализација како и судење на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

далечина и овозможување на судиите да се специјализираат за одреден вид предмети во рамки на судот со проширена надлежност.

Во зградата е сместено и Јавното обвинителство во кое има еден делегиран обвинител од ОЈО Охрид, кој доаѓа два пати седмично во судот во Ресен. Јавното обвинителство Ресен своите режиски трошоци ги подмирува уредно.

| |
|---|
| Препорака: Посебна зграда за секој суд во која е сместен единствено судот е меѓународен стандард. Од овие причини надлежните органи треба да преземат натамошни мерки. Види поопширно иста препорака кај Апелационен суд Гостивар. |

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа и достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су бр.01-11/24 од 22.01.2024 година, Су 01-9/26 од 21.01.2026 година,
Извештај за реализација на програмата Су бр.36/24 од 06.02.2024 година, Су 78/25 од 19.02.2025 година, Су бр.97/26 од 12.03.2026 година.
Извештај за работа Су 01-10/25 од 11.02.2025 година, Су 01-10/26 од 04.02.2026 година - до Судски совет и Апелационен суд Битола.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во Основниот суд Ресен покрај претседателката на судот има уште двајца судии.
Во судот се формирани два судски оддели и тоа: граѓански и кривичен оддел. Во граѓански оддел еден судија и во кривичен оддел двајца судии од кои еден е претседателката на судот.
По систематизација се предвидени 4 судиски места, сепак по обемот на работа доволни се три судиски места.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 436/23 од 25.12.2023 година, Су бр.-355/2024 од 26.12.2024 година, Су 46/25 од 04.02.2025 година, измена заради враќање на судија.
Су 436/2025 од 29.12.2025 година.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

План заведен под Су 92/24 од 13.02.2024 година, Су 113/25 од 01.07.2025 година. Претседателката на судот наведе дека на седница на судии се договараат за користење на годишните одмори и после тоа се изготвуваат решенија за користење на годишен одмор.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во Основен суд Ресен има вработено еден информатичар на работно место самостоен референт, вработен во 2009 година.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Надзорната комисија беше информирана, дека за следење на судската пракса со годишниот распоред е задолжен судијата Никола Бундевски.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Судија Виолета Крстиновска.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судот нема судски администратор, бидејќи е суд со основна надлежност.
Судска служба вкупно вработени се 13 судски службеници, од кои двајца судски стручни службеници, кои не се на раководно ниво, 1 помлад судски соработник со 180 кредити, 4 референти во писарница-уписничари, 1 преведувач 1 записничар, 1 самостоен референт информатичар, 1 виш референт-економ и возач, 1 доставувач, 1 референт хигиеничар, 4 судска полиција и 1 по ЗРО -хаусмајстор.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

18 вкупно вработени од систематизирани 48 работни места. Во судот вработени се двајца судски соработници, додека по систематизација се предвидени 4 работни места за судски соработници. Иако било одобрено во 2024 година, не било реализирано вработување на еден стручен соработник. Во судот има еден записничар, а бидејќи немаат вработен сметководител и благајник, одобрено е вработување за еден сметководител. Во судот вработен е еден информатичар – техничар со средно образование.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Су бр.158/2024 година, Су бр.309/2024 , Су бр.214/25, Су бр.406/2025 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници, Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници, записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су 103/25 од 07.03.2025 година, Су 360/25 од 10.10.2025 година,
Су 156/24 од 17.05.2024 година, Су бр.306/2024 од 18.11.2024 година.
После дадената препорака од Комисијата за надзор во претходниот извештаен период, во судот постапиле целосно по препораката и редовно изготвуваат записници заведени во АКМИС.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Сите статистички извештаи под Су 01-45/2024 година
Извештај за стари предмети Су 01-46/24 од 20.12.2024 година,
Извештај за стари нерешени предмети до АС Битола
Су 01-47/24 од 20.12.2024 година
Су 01-29/2024 година,
Месечен извештај, Су 01-33/2025


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**12. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Ресен за 2024, 2025 и 2026 година**

СУ 10/26 од 13.01.2026 година.

**13. Надзор над работата на нотарите**

Претседателката на судот врши надзор над работата на нотарите, ги посетува нотарските канцеларии и за извршениот надзор се составени службени белешки.
Су бр.407/25 од 04.12.2025 година
Су бр.358/2024 од 26.12.2024 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**14. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на ново вработените ги врши информатичарот во судот. Во судот нема организирана обука за користење на АКМИС за вработените во судот. Информатичарот од судот редовно посетува специјализирани ИТ обуки во организација на АСЈО.

**15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Ресен. Останатата информатичка опрема е солидна, не постара од 2019 година и истата може да одговори на потребите за непречено работење на судот. Пасивната мрежа е целосно обновена во 2022 година. Сервер собата е во согласност со стандардите кои треба да ги поседува една сервер соба.

**16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Список за пристап на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи има меѓутоа но без прецизно дефинирани кориснички привилегии за секој

корисник кој има пристап во АКМИС системот, на увид Су-бр.24/25 од 22.04.2025 година.
***ПРЕПОРАКА: Списокот на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи да се изготвува со детално дефинирани привилегии за секој корисник кој има пристап до АКМИС системот.***

**17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Изготвени се Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС  за контролираниот период.

**18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Надзорната комисија беше информирана дека се организираат дежурства, и месечни распореди за дежурства се изготвуваат како акти и истите се внесени во АКМИС, но не се внесуваат во месечниот календар на дежурства.

**19. Скенирање на  влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи во Основниот суд во Ресен се скенираат, односно дека сета документација се скенира. Документите се скенираат со еден активен скенер, меѓутоа има потреба од набавка на еден нов скенер.

**20. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана, дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС системот е информатичарот во судот Љуљзим Шахини ИТ – техничар со Одлука Су.бр.25/25 од 23.01.2025 година. Автоматска распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на уписничарите во судот.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Претседателката  на судот наведе, дека во судот немало исклучувања на судии од распределба на предмети. Наведе дека судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба на предмети ни за време на годишните одмори, ниту пак ако е отсутен подолго од 5 дена. Доколку се работи за итни предмети во време на користење на годишни одмори, итните предмети со одлука ги презема судијата кој во моментот е на работа.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање  за 2024, 2025 и 2026 година**

Во Основен суд Ресен има многу мал број на изземања. Изземањето на судија поради пријателско - роднински врски, се врши со Решение кое е образложено, по што претседателот на судот го доделува предметот на друг судија. Беше направен увид по случаен избор во неколку предмети СУ-ИЗЗ-19/25 од 15.10.2025, СУ-ИЗЗ-15/25 од 01.07.2025, СУ-ИЗЗ-14/25 од 30.06.2025, додека пак за 2026 година нема ниту едно изземање.
По предмети по кој постапува само еден судија распределбата се движи кон наведениот судија преку АКМИС. Од извршениот увид во решенија за изземање се констатира дека во изреката не се користи формулацијата предметот да се распредели преку АКМИС
Во случај на изземање на претседателката на судот одлучува Претседателот на Апелациониот суд Битола.
***ПРЕПОРАКА: Во Решението за изземање да биде назначено дека предметот се прераспределува преку АКМИС.***

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од  АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2025 и 2026 година до денот на надзорот.
Беше направен увид во следните случајно одбрани предмети

- П1-6/25 - поднесен и примен на 23.06.2025, автоматски распределен истиот ден, примен кај судија на 25.06.2025, прераспределба автоматски на 02.07.2025 по Решение на Претседател поради изземање
- МАЛВП-3/2025 - поднесен, примен и автоматски распределен на 09.09.2025, и примен кај судија на 11.09.2025
- К-15/26 - поднесен и примен на 23.03.2025, автоматски распределен на 23.03.2026 и примен кај судија на 25.03.2026
- МАЛВП-1/2026 - поднесен и примен на 28.01.2026, автоматски распределен на 28.01.2026 и примен кај судија на 30.01.2026
- РО-8/25 - поднесен и примен на 25.02.2025, рачно распределен преку АКМИС затоа што само еден судија постапува по тој уписник на 25.02.2025, и примен кај судија на 27.02.2025
- РО-21/25 - поднесен и примен на 30.12.2025, автоматски распределен на 30.12.2025, распределен со копче судија на 22.12.2025 година

  Објаснување од судот - Предметот е заведен на ден 22.12.2025 година, но по заведувањето судијата кај кој е доделен во работа, констатира дека овој предмет треба да се спои со списи од друг предмет П1-3/24. Предметот РО-21/25 кој е заведен во АКМИС останува празен се до моментот кога се заведува нова тужба на ден 30.12.2025. Поради тоа се јавува разлика на датуми дека предметот е распределен пред да биде примен.
- ПРК-Ј-27/24 - поднесен и примен на 18.11.2024, автоматски распределен на 18.11.2024, примен кај судија на 06.12.2024, и прераспределба автоматски на 10.02.2025 поради изземање
- П4-62/24 - поднесен примен, автоматски распределен и примен кај судија на 12.09.2024

Не се забележани автоматски распределби повеќе од еднаш во ист ден.
Забележани се предмети со број на обиди повеќе од еден, со начин на распределба копче - судија. Направен беше увид во предметите:


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

- ПРК-О-46/25 - поднесен и примен на 28.09.2025, примен кај судија на 29.09.2025, распределен со копче судија на 29.09.2025 во пет обиди
  Објаснување од судот - Станува збор за предмет итен странец примен во неработен ден, заведен во АКМИС првиот работен ден при што се користи копче судија, но поради тоа што предметот не е доделен кај судечкиот судија кој бил дежурен тој ден, направени се обиди повеќе пати додека системот да го распредели кај судечкиот судија. Дадени се напатствиа од информатичарот, во иднина ваквите предмети кои се работат за време на викенд да се доделат во работа кај дежурниот судија со изземање.
- ПРК-С-132/25 - поднесен и примен на 17.02.2025, распределен со копче судија на 17.02.2025 во три обиди затоа што станува збор за итен странец, и примен кај судија во истиот ден

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.
На денот на надзорот има три новопримени предмети кои ќе бидат распределени во 14 часот, и нема нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Уписниците се водат само во електронска форма.

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот има две судници од кои едната е опремена со опрема за тонско судење која е во функција и истата се користи во граѓанските предмети. Во последните неколку месеци не се користи тонско снимање поради технички проблем со антивирусната програма која е инсталирана на опремата. Судските службеници се недоволно обучени за користење на опремата.
Во 2024 година реализирани се 272 рочишта со тонско снимање, а во текот на 2025 година вкупно 180 рочишта.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**29. Електронска достава**

Електронската достава функционира кон адвокатите со регистрирани електронски сандачиња. Другата достава се врши преку доставувачи од Битола за подрачјето на Битола.
Во 2024 година електронски се доставени 305 акти, а во 2025 година електронски се доставени вкупно345 акти.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су бр.191/20 од 23.06.2020 година, Су бр.191/20-1 од 05.02.2025 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су 01-9/24 од 22.01.2024 година, Су 01-7/25 од 15.01.2025 година, Су 01-7/26 од 21.01.2026 година.

**32. Внатрешни процедури**

Су 01-8/24 од 22.01.2024 година, предлог 01-6/25 предлог Су 01-6/26

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Извештај за работа на работното тело Су 01-30/24 од 22.07.2024 година
Извештај до претседател на суд Су 01-31/24 од 22.07.2024 година.
Су 01-32/2025 - извештај за работа на работно тело, Су 01-31/2025


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Веб страницата на судот

**35. Огласна табла на судот**

Судот располага со огласна табла која е во функција и  на видливо место.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Надзорната комисија беше информирана,  дека во судот има една слободна просторија која што можат да ја користат судии поротници и  адвокати.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2024 година се објавени 222 анонимизирани одлуки, во 2025 година се објавени 172 анонимизирани одлуки и во 2026 година до денот на надзорот се објавени  48 одлуки.

**38. Архива**

Во однос на архивата, претседателката на судот истакна, дека истата е средена и тековно се излачуваат предметите, но веќе снемува простор за чување. Од страна на судот во 2023 година предадена е трајна граѓа во Државниот архив на Република Северна Македонија, додека дел од предметите кои се со поминати рокови за чување се поништени. Во судската архива исто така се чуваат и нотарските предмети.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2  3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Доставен одговор од судот: „Во врска со АКМИС системот немаме забелешки.
Во врска со проблеми кои го отежнуваат општото ефикасно работење на судот

- Претседателот на судот покрај што ја извршува наведената функција, а во судот нема администратор, заедно со останатите двајца судии постапува по предмети согласно годишниот распоред за работа. Не се одобруваат нови вработувања и покрај тоа што бројот на судски службеници се намалува во континуитет, а и ќе се намалува во идните години, при што останатите се соочуваат со зголемен обем на работа, а не се одобруваат ниту унапредувања кои би значеле сатисфакција за нивниот дополнително вложен труд. Неопходно е вработување на уште еден судски соработник, бидејќи во 2024 година се пензионира еден виш судски соработник. Неопходно е вработување и на еден соработник во одделение за материјално - финансиско работење - сметководител и дури оваа година дадено е одобрение за вработување, меѓутоа сеуште не е реализирано, се чека мислење од Министерство за јавна администрација. Исто така неопходно е вработување на два дактилографи од причина што два дактилографи се пензионира во 2024 година (а претходно уште еден дактилограф се пензионира во 2020 година) , па така сега во судот на тројца судии има еден вработен дактилограф и истиот невозможно е да одговори на обемот на обврски како и истовремено да се закажуваат судењата во двете судници. Сето ова бара вложување на дополнителни напори од страна на другите вработени и вршење од нивна страна на работни задачи кои не се предвидени за нивните работни места.
- Судската служба се соочува со проблеми во работењето бидејќи не се одобруваат нови вработувања и покрај тоа што бројот на судските службеници последните години се намалува во континуитет, а и ќе се намалува и во идните години, при што останатите се соочуваат со зголемен


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

обем на работа, а не се одобруваат ниту унапредувања кои би значеле сатисфакција за нивниот дополнително вложен труд. Во судот ма еден судски соработник и еден виш судски соработник кој од причини што во судот нема администратор извршува работни задачи од административен карактер за Претседателот на судот, како и спроведување постапки за јавни набавки и вршење на други работи кои не се предвидени како работни задачи за тоа работно место, два дактилографи се пензионираа во 2024 година(а претходно уште еден дактилограф се пензионира во 20202 година), па така сега во судот на тројца судии има еден вработен дактилограф и истиот невозможно е да одговори на обемот на обврски како и истовремено да се закажуваат судењата во двете судници, што доведува до ситуација да судски референти - извршители во писарница да вршат и работи предвидени за референт - дактилограф кога се закажани судења во исто време или повеќе судења во ист ден. Во случај на отсуство по било кој основ на вработен, некој од останатите вработени го превзема и вршењето на работните задачи на отсутниот работни, со цел процесот на работа секогаш да се одвива беспрекорно и судот во секое време ефикасно и ажурно да одговори на потребите на граѓаните. Сето ова бара вложување на дополнителни напори од страна на другите вработени и вршење од нивна страна на работни задачи кои не се предвидени за нивните работни места, меѓутоа не се одобруваат унапредувања кои би значеле сатисфакција за дополнително вложениот труд и покрај тоа што се работи за вработени со долгогодишен работен стаж и искуство, а унапредувањата секако би биле и дополнителна мотивација за секој судски службеник.

Увидот заврши на ден 24.04.2026 во 13:30 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk